**З А П И С Н И К**

Од конститутивната седница на Локален младински совет, одржан на 14.06.2024г. со почеток во 17 часот, во просториите на Општина Виница.

Присутни:

1. Слободанчо Ѓорѓиев
2. Клара Костадиновска
3. Филип Ѓорѓиевски
4. Сара Тасева
5. Димитар Панов

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Димитар Панов, како најстар член на Локалниот младински совет на Општина Виница. По констатирањето дека се присутни сите членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на претседател/ка на ЛМС на Општина Виница;
2. Избор на заменик-претседател/ка на ЛМС на Општина Виница;
3. Избор на записничар;
4. Усвојување на Предлог-Деловник за работа на ЛМС на Општина Виница;
5. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 5 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа за првата точка, за претседател се самокандидираше Слободанчо Ѓорѓиев. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и едногласно за претседател на ЛМС Виница беше избран Слободанчо Ѓорѓиев.

По отворената расправа за втората точка, за збор се јави Слободанчо Ѓорѓиев, кој за заменик претседател на ЛМС Виница ја номинираше Клара Костадинова. Бидејќи немаше други номинации од страна на членовите, претседавачот го стави предлогот на гласање и едногласно за заменик претседател беше избрана Клара Костадинова.

По отворената расправа за третата точка, за збор се јави Слободанчо Ѓоѓриев кој даде предлог записниците да бидат изработени врз база на ротација, односно на секоја седница да се бира различен записничар, а за денешната седница тој се

самокандидираше да биде записничар. Бидејќи немаше забелешки по истиот, претседателот го стави на гласање. Едногласно беше усвоено Слободанчо Ѓорѓиев да биде записничар за денешниот записник.

Претседавачот премина на работа по точка 4 од дневниот ред- усвојување на Предлог-Деловникот за работа на ЛМС на Општина Виница. Бидејќи немаше пријавени за дискусија, Предлог-Деловникот беше ставен на усвојување. Едногласно се усвои Деловникот за работа на ЛМС на Општина Виница.

Потоа, членовите на ЛМС преминаа на работа по 5 точка (разно).

По отворената дискусија, за збор се јави Слободанчо Ѓорѓиев, кој ја закажа втората седница на ЛМС на Општина Виница за 18 јуни, 2024 г., со почеток во 17:00 часот, во просториите на Општина Виница, со цел да се изработи Предлог-Програма за работа на ЛМС на Општина Виница за 2024 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот констатираше дека дневниот ред беше исцрпен, затворајќи ја првата конститутивна седница на ЛМС на Општина Виница.

бр. 10-331/11

14.06.2024г.

Виница

Претседател на ЛМС Виница

Слободанчо Ѓорѓиев

Записничар

Слободанчо Ѓорѓиев

Членови на ЛМС Виница:

Клара Костадиновска
Филип Ѓорѓиевски
Сара Тасева
Димитар Панов